Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на Република Македонија" бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 224/24) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14,04/19, 07/19,01/21,11/25,13/25 и 04/26) постапувајќи по барање на **ВАШ ЕКО –ДОМ Управител ДООЕЛ** за кастрење на дрва Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## РЕШЕНИЕ

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши: сечење на урбано зеленило ( јавно зеленило ) на 3 (три) дрва (2 смрчи и јавор) како и кастрење на 9 (девет) дрва (5 јавори, 2 липи, платан и јасен) што се наоѓаат **на ул."Георги Димитров" бр.64 влез 2 и 3 – Скопје.**
2.Сечењето и кастрењето на дрвата ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје најдоцна во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението.
3. Сечењето и кастрењето на дрвата да се изврши стручно и на соодветен начин како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје.
4. Се обврзува ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје во рок од 30 дена по реализација на точка 1, од ова решение да изврши компензациско садење на 3 (три) дрва постари од 6 години на иста парцела каде што е извршено сечењето, а доколку тоа не е можно во пречник од 500 м од исечените стебла.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**ВАШ ЕКО –ДОМ Управител ДООЕЛ, бул."Партизански одреди" бр.37/к2 мезанин ТЦ Буњаковец - Скопје,** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр.**14-6/346** од **29.04.2026** година за кастрење на дрва што се наоѓаат **на ул."Георги Димитров" бр.64 влез 2 и 3 – Скопје.**

Службено лице од Град Скопје и службеникот од ЈП "Паркови и зеленило" –Скопје го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација. При тоа е утврдено дека дрвата што се за сечење се целосно суви (мртви дрва) и постои опасност да паднат и да предизвикаат материјална или друга штета,а пак дрвата што се за кастрење имаат неуредни крошни и широко разгранети гранки и кога дува посилен ветер со своите гранки удираат во зградата.

Согласно член 8 а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на Република Македонија" бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 224/24 јавното зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување во границите на планскиот опфат на урбанистички план, урбанистичкопланска документација, регулациски план на генерален урбанистички план како и архитектонско-урбанистички проект.

Согласно член 9 став 1 точка 8 од горе наведениот закон, јавното зеленило, предмет на ова решение се смета за ,, друго зеленило на јавни отворени простори ,, .Надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје.

Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или градот Скопје се должни да донесат решение со кое ќе ја утврдат

обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С“ или кастрење: „К“).
Согласно член 36 од горе наведениот закон со решението за сечење на дрва се утврдува обврската, да се изврши компензациско садење со соодветен број дрва чиј збирен пречник одговара на пречникот на пресеченото дрво, при што новите дрва треба да бидат постари од шест години.
Во став 3 од истиот член стои дека компензациското садење се врши на истата парцела, а ако тоа не е можно, во пречник од 500 м од местото на исеченото стебло, на сопствена или туѓа парцела, со писмена согласност на сопственикот на парцелата.

Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за јавно зеленило и е одлучено 9( девет) дрва да бидат искастрени, а 3 (три) дрва да бидат исечени бидејќи е констатирано дека поради состојбата на дрвата истите треба да се отстранат.
На ЈП “Паркови и зеленило” –Скопје му е наметнато компензационо садење за дрвата за кои е дозволено сечење.
Поради се горе наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/346/2**
**02.07.2026** година
Скопје

**Доставено до:**Барателот, ЈП “Паркови и зеленило”-Скопје и Архива

Изработил:
**Игор Трпковски**

Раководител на одделение
**Емил Ѓуровиќ**

Раководител на сектор
**Зоран Лапевски**

Секретар на Град Скопје
**Славче Трпески**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАД СКОПЈЕ-СКОПЈЕ
QYTETI I SHKUPIT-SHKUP
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT